**Република Северна Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**
Бр. 04-3873/8
03. 10. 2019. 2019 година
Скопје

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ"бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), државниот секретар во Министерството за правда донесе

# О Д Л У К А
## за избор на кандидат по интерен оглас за унапредување на административен службеник

1. **ФРОСИНА СТЕВАНОВИЌ** ***се избира*** од предложената ранг листа на кандидати по Интерниот оглас за унапредување на административен службеник во Министерството за правда број 01/2019, за работно место раководител на Подрачното одделение Куманово, во Подрачното одделение Куманово-Сектор за бесплатна правна помош и политички систем, со звање раководител на одделение, шифра на работно место УПР0101Б04000.

2. Со именуваната ќе се заснова работен однос по конечноста на оваа одлука.

## О б р а з л о ж е н и е

По добиена писмена согласност од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства број 18-5017/2 од 16.07.2019 година, на ден 19.09.2019 година на веб страниците на Министерството за правда и на Агенцијата за администрација објавен е Интерниот оглас број 01/2019 за унапредување на двајца административни службеници во Министерството за правдамеѓу кои и за работното место раководител на Подрачното одделение Куманово.

Со Решение број 04-3873/6 од 27.09.2019 година, формирана е Комисија за унапредување на административен службеник.

На Јавниот оглас за горенаведеното работно место се пријави еден кандидат. Комисијата спроведе постапка за административна селекција и одржа интервју со единствениот кандидат, чија пријава беше комплетна и кој ги исполнува условите утврдени во Законот за административни службеници и пропишани во Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за правда.

Врз основа на добиените бодови од спроведената административна селекција и од одржаното интервју, изготвена е Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлуката за избор на прворангираниот кандидат.

Врз основа на предложената ранг листа, а со оглед дека целата постапка се спроведе со единствениот пријавен кандидат, државниот секретар за работно место раководител на Подрачното одделение Куманово, во Подрачното одделение Куманово-Сектор за бесплатна правна помош и политички систем, го избра кандидатот Фросина Стевановиќ.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА** : Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да изјави жалба до Агенцијата за администрација,

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
Faton Selami

ДОСТАВЕНО ДО:
- Именуваниот-та,
- Одделение за човечки ресурси,
- Архива

Изготвил : Маја Маљановска, раководител на сектор